Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18 - 0226/4 05-05-2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот "Смисла Солутионс-Скопје", ул. Тодор Александров бр. 4 Скопје поднесено на 19.04.2026 година (недела) по електронска пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од "Смисла Солутионс-Скопје" **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на"Смисла Солутионс-Скопје" е доставено Барање во електронска форма. Со барањето се побарани информации, кои "се однесуваат на постапката по отворениот јавен повик за финансирање на предлог-проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност:

-Листа на сите поднесени предлог проекти (оценети и неоценети), со вкупно и поединечно бодување за секој проект (вклучително и избрани и неизбрани проекти.

-Извештаите на Комисијата за оценување на предлог проектите со образложение за бодувањето и рангирањето по сите критериуми за сите аплицирани проекти.

-Записници од работата на комисијата поврзани со оценувањето и предлагањето на проектите.

-Копии од сите поднесени предлог проекти по јавниот повик, заедно со целокупната придружна документација што е составен дел на апликациите".

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма, и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

"Смисла Солутионс-Скопје" е еден од апликантите за финансирање на предлог-проект од буџетската Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност. Статусот апликант нема никакво влијание во обезбедувањето на правото на слободен приостап до информации од јавен карактер во Министерството за локална самоуправа.

Во однос на вашите конкретни барања информации, Министерството за локална самоуправа во прилог ви ја доставува Одлуката со сите одобрени проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година (Прилог 1), како и листа на доставените предлог-проекти кои што по направената евалуација од страна на Комисијата за оценување не се одобрени за финансирање (Прилог 2).

Двата документи кои што се објавени и на ВЕБ страницата на Министерството www.mls.mk даваат целосен преглед на сите аплицирани предлог-проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година.

Во однос на вашето барање "копии од сите поднесени предлог-проекти заедно со целокупната придружна документација", поради обемната документација во голем формат, Министерството за локална самоуправа ќе ви овозможи увид во просториите на Министерството во период до 15 мај, во термин кој што ќе го потврдите Вие на телефон 071 226 415.

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

МИНИСТЕР
**М-р Златко Перински**

Службено лице:
М-р Ели Чакар

Одобрил:
Државен секретар
М-р Јулијана Павковска Боцевска